Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), и член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на општина Берово на 64-тата седница одржана на 15.07.2025 година донесе:

# О Д Л У К А

## за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти со намена А1 – домување во куќи на територијата на општина Берово за 2025 година

### Член 1

За изградба на објекти со намена А1 – домување во куќи, на кои инвеститори се брачни другари до 35 годишна возраст, Советот на Општина Берово може да ги ослободи од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, доколку ги исполнат следните услови:

- Инвеститори мора да бидат двата брачни другари, од кои најмалку еднот од нив е жител на Општина Берово;
- Најмалку едниот брачен другар да не е постар од 35 години возраст;
- Брачните другари да немаат на територијата на општина Берово друг објект со иста намена, во нивна сопственост;
- Проектот за изградба на објектот да биде со намена А1 – домување во куќи;
- Проектираниот објект да има само една стамбена единица;
- Проектираниот објект да биде максимално 150м2 бруто површина (доколку објектот е поголем од 150м2 бруто површина, обврска на барателите/инвеститорите е да ја доплатат разликата);
- Инвеститорите треба да склучат договор со Општина Берово дека објектот нема да биде предмет на отуѓување во рок од 10 (десет) години од денот на склучување на договорот.

### Член 2

За докажување на условите од член 1 на оваа Одлука, брачните другари доставуваат:

- Барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште;
- Извод од матичната книга на венчани;
- Фотокопија од лична карта;
- Доказ од Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ дека лицата не се запишани како носители на право во катастерот на недвижностите за друг објект, со иста намена, на територијата на Општина Берово;
- Доказ за поднесено барање за одобрение за градба преку системот е-Одобрение за градење.

Член 3

Постапката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти А1 – домување во куќи, ја спроведува Комисија која ја назначува Градоначалникот, од редот на вработените во Општина Берово.

За работата на Комисијата Советот на Општина Берово ќе донесе Правилник.

Комисијата е должна да ги прима и разгледа барањата и за оние кои ги исполнуваат условите од оваа Одлука да му предложи на Советот ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Берово”

Бр.09-2733/1
15.07.2025 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
с.р.Петар Ружински